РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-515/1
12-01-2023 20 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Приватна здравствена установа-
Поликлиника на примарно ниво
САНТЕ ПЛУС 2
Бр. 0402/010
17.01 2023 год.
Скопје

# ДОГОВОР

## ЗА ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕГЛЕДИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерството за труд и социјална политика, со седиште на Ул. Даме Груев број 14, Скопје, претставувано од Министер **Јованка Тренчевска** во понатамошниот текст: Договорен орган , и
2. Приватна здравствена установа- поликлиника на примарно ниво САНТЕ ПЛУС 2 Скопје, со ЕМБС 7361637 со седиште на бул. Партизански одреди бр.42, Скопје застапувано од Одговорно лице Весна Ќамилова, во понатамошниот текст: Носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка на услуги како набавка на посебни услуги, објавена на ЕСЈН по оглас број 2/2022, во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи) и важечките подзаконски акти, како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-8630/1 од 12.12.2022 година, Одлука за избор за најповолна понуда со архивски број 02-8630/5 од 27.12.2022 година, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите и барањата предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор се **Здравствени прегледи за вработените во Министерството за труд и социјална политика.**

## ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на договорот, е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вредноста на договорот се утврдува врз основа на направени прегледи сметајќи ги единечните цени за секој здравствен преглед одделно, а не може да

надмине износ од 375.825,00 денари без ДДВ. Вкупниот данок на додадена вредност изнесува 0,00 денари.

Член 4

Единечната цена на договорот за систематски здравствен преглед (задолжителен преглед) – стандарден минимум изнесува 800,00 денари по вработен без ДДВ. ДДВ изнесува 0,00 денари.

Единечните цени за здравствените прегледи од дополнителниот пакет се дадени во следната табела:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| **Опис** | **Единица мерка** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ** | **Вкупна цена без ДДВ (3*4)** |
| **ЕХО на абдомен** | **лице** | 1 | **0** | **0** |
| **ЕХО на тироидна жлезда** | **лице** | 1 | **0** | **0** |
| **ЕХО на дојка** | **лице** | 1 | **0** | **0** |
| **Превентивен преглед на мамограф** | **лице** | 1 | **1.500,00** | **1.500,00** |
| **PSA** | **лице** | 1 | **525,00** | **525,00** |

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува на определено време, односно не подолго од 3 (три) месеци од денот на склучување на истиот.

Сите здраствени прегледи и испитувања треба да се извршат со едно доаѓање на работникот во здраствената станица.

## НАЧИН И УСЛОВИ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата предмет на договорот за јавната набавка согласно член 22 став 5 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. весник на РМ бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13,164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16) и Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените (Сл. весник на РМ бр. 60/13 и 168/14 )Прилог 6 од Уредбата.

Здравствените прегледи ќе се извршат врз основа на дневни распореди што заеднички ќе ги договорат Договорниот орган и Носителот на набавката врз основа на доставен табеларен список на вработените.

Во случај на спреченост одделни вработени лица да ги извршат прегледите во определените термини, Носителот на набавката треба да им се овозможи прегледите да ги извршат дополнително во други термини, но во рамките на важноста на договорот.

**Член 7**

Носителот на набавката е должен континуирано да ги спроведува здравствените прегледи , предмет на договорот и да ги реализира во рок од 90 дена.

Прегледите за вработените во Министерство за труд и социјална политика ќе се вршат во Приватна здравствена установа- поликлиника на примарно ниво САНТЕ ПЛУС 2 Скопје, Скопје ул. бул. Партизански одреди бр.42, Скопје.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Во случај на доцнење со извршување на услугата, предметот на набавката од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна изнесува 0,01% од вкупната договорена цена на услугите за секој ден задоцнување ако предметот на договорот не се заврши во предвидениот рок , со тоа што износот на така договорената казна не може да надмине 5 % од вкупната цена на услугите предмет на овој договор .

Договорниот орган неможе да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската , а без одлагање не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна .

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 9**

При изготвувањето на фактурата, носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на договорот;
- количини со опис на услугите;
- единечни договорни цени по елементи;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата ;
- други зголемувања или намалувања , согласно со договорните услови (камати , пенали, разлики на цени и сл.) ;
- пресметка за ддв ( ако има ) ;
- валута на плаќање.

## НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 10**

Се предвидува начин на плаќање по реализирање на предметот на договор во целост.

Плаќањето ќе се изврши врз основа на доставена фактура со која ќе се фактурираат само извршените здравствени прегледи, а според единичните цени за секој здравствен преглед. Прилог на фактурата е список (спецификација) на вкупно извршени здравствени прегледи од законскиот стандарден минимум и пооделно од сите видови дополнителни здравствени прегледи.

Договорниот орган ќе го изврши плаќањето во рок до 60 (шеесет) календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата, во архивата на Министерството за труд и социјална политика.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 11**

Носителот на набавката е должен да ја реализира услугата согласно доставената Понуда согласно Законот за безбедност и здравје при работа и Правилникот за здравствени прегледи на вработените .

Носителот на набавката е должен во рок не подолг од 10 дена од денот на завршување на сите здравствени прегледи да достави Извештај за извршени систематски здравствени прегледи до Договорниот орган .

Носителот на набавката е должен по завршување на услугите за систематски преглед да му достави на Корисникот на услугата детален Извештај во којшто во зависност од видот на испитувањето ќе бидат содржани граничните ( нормални, дозволени ) вредности за соодветен вид на испитување и утврдената вредност за секој вид на испитување , односно наодот од соодветното испитување за секој вработен поединечно во затворен плик со назнака лично за вработениот , како и да достави извештај со мислење за работоспособност и општа здравствена способност за секој вработен врз кој е извршен систематски преглед .

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ги исполни сите услови согласно доставената понуда.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 12**

Договорниот орган се обврзува дека ќе врши исплата на цената за извршената услуга на начин определен во член 10 од овој Договор.

Договорниот орган се обврзува дека навремено и уредно ќе го извести Носителот на набавката за денот на вршење на лекарските прегледи по претходно утврдена динамика од страна на двете договорни страни .

Одговорно лице за реализација на договорот кај Договорниот орган е Андријана Гуговска или друго лице овластено од Министер .

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 13**

За сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## ВИША СИЛА

**Член 14**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор до кое би дошло поради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена поради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 15**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат спорот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 16**

Договорниот орган има право да го раскине договорот поради неисполнување на обврските на Носителот на набавката , а особено :

-доколку Извршителот , неоправдано доцни или се откаже со вршење на услугите или пак одбие да ја изврши услугата по барање на Договорниот орган,

-доколку Извршителот не ги врши услугите согласно прифатената понуда.

Договорниот орган , по констатирање на настапувањето на некоја од причините за раскинување на договорот , писмено ќе го предупреди Носителот на набавката во дополнителен оставен рок од 3дена да ја отстрани причината .

Доколку носителот на набавката во дополнителниот оставен рок не ја отстрани причината за раскинување , Договорниот орган може да го раскине договорот .

Договорниот орган раскинувањето на договорот , писмено ќе му го соопшти на Носителот на набавката . За ден на раскинување на договорот се смета денот кога писмената изјава за раскинување на договорот е уредно доставена до Носителот на набавката .

Во случај на раскинување на договорот поради причините наведени во став 1 на овој член , Носителот на набавката е должен да му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 20 % од вкупната цена определена со овој Договор .

Во случај на штетата што ќе ја претрпи Договорниот орган заради раскинување на договорот е поголема од договорната казна од став 4 на овој член , Носителот на набавката има обврска да му ја надомести на Договорниот орган разликата до целосниот надомест на штетата .

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 18**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 19**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**Министер,**
**Јованка Тренчевска**
_______________
Договорен орган

**Управител,**
**Весна Ќамилова**
_______________
Носител на набавката

Изработил: Благица Мирчевска, Раководител на одделение
Согласен: Славица Костовска, Раководител на сектор
Контролирал: Љубица Панова, Раководител на сектор